**STEP TOGETHER**



# Дали некој што го познавате тргнал по погрешениот пат?

Macedonian | Македонски

**> Дознајте повеќе**

**> Останете поврзани**

## На што треба да се внимава

Дали имате забележано промени кај некој што е во ваша близина? Можеби се повлечени повеќе од вообичаено, често користат интернет, се поагресивни или стануваат помалку толерантни.

Ова може да биде знак дека им е потребна помош. Понекогаш, кога луѓето се чувствуваат осамени или погрешно разбрани, развиваат чувство на припадност на екстремистички групи кои поттикнуваат насилство и ги искористуваат нивните ранливости.

Нашата цел е да ги охрабриме, научиме и информираме заедниците со цел да ги заштитиме Австралијците од негативното влијание на насилниот екстремизам.

## Како можете да помогнете

Понекогаш е доволно само да ги сослушате вашите најблиски. И на тој начин ќе помогнете. Со слушање без предрасуди, создавате безбедно место кое поттикнува чувства на прифаќање и припадност. Охрабрувањето на постојани здрави разговори ќе создаде позитивни врски и придонесува кон трајна промена.

Ова, пак, може да го обесхрабри лицето да побара да се поврзе со групи што поддржуваат насилство.

## Чекориме заедно

Чекориме заедно (Step Together) е телефонска линија за помош и дигитална поддршка за луѓе кои бараат совети за тоа како да ги поддржат своите најблиски и да ги заштитат од вклучување во насилен екстремизам.

Во безбедна и колаборативна средина, квалификувани социјални работници можат да ви дадат упатства како да им помогнете на другите и да ве поврзат со соодветни служби за поддршка во вашата заедница.

Побарајте совет и поддршка:

**Јавете ни се на 1800 875 204**
**или посетете не́ на:**
**www.steptogether.gov.au**

**Поврзете се**

@steptogetheraus (Facebook)
@steptogetheraus (X)
@steptogetheraus (Instagram)
@steptogetheraus (LinkedIn)

Australian Government